БОРИС ТРАЈКОВСКИ
info@scboristrajkovski.gov.mk | www.scboristrajkovski.gov.mk

# Финансиски план

# (Програма за работа)

# на

# Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала

# БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ СКОПЈЕ

# за 2018 година

Друштво за изградба,управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ
Бр. 05-1006/2
18.12 2017 год.
СКОПЈЕ

Скопје, Декември, 2017 година

**Содржина:**

1. **Основање на Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје**
2. **Визија и мисија**
3. **Содржини во комплексот на Спортскиот Центар БОРИС ТРАЈКОВСКИ во Скопје**
4. **Планирани приходи за 2018 година**
5. **Планирани расходи за 2018 година**
6. **Предлог за реализација на договор за признавање и плаќање на долг склучен помеѓу Град Скопје и Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје**

## 1. Основање на Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје

Друштво за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје е основано од Владата на Република Македонија како единствен содружник на 04.07.2006 година со основна цел завршување на изградбата на повеќенаменска сала – сега Спортскиот Центар БОРИС ТРАЈКОВСКИ во Скопје а чија изградба ја започна Град Скопје.

Во 2008 година се отвори Спортскиот Центар БОРИС ТРАЈКОВСКИ (порано виканата Повеќенаменска сала) во општина Карпош. Центарот го носи името на трагично загинатиот Претседател на Република Македонија Борис Трајковски (1956-2004) и претставува мултифункционален објект за сите видови спортови и најразлични културно – музички настани и манифестации.

Основната главнина на Друштвото изнесува 1.464.676.661,00 денари, и тоа : непаричен влог во износ од 115.336.661,00 денари и паричен влог од 1.349.340.000,00 денари.

Во краткиот период од 2008 година, комплексот на Спортскиот Центар станува централно место на настаните во главниот град на Републиката.

## 2. Визија и мисија

Развивање, промоција и подобрување на спортските активности како и соработка со останатите организации и институции од областа на спортот на локално и национално ниво.

Спортскиот центар БОРИС ТРАЈКОВСКИ во Скопје постојано ги поттикнува и насочува младите кон правилен и здрав начин на живот преку бројните содржини кои ги нуди. Наша обврска е да ги следиме и разбереме потребите на нашите корисници, секогаш да ги задоволиме нивните очекувања и да го оддржиме квалитетот и приматот на најголем Спортски Центар во Република Македонија.

Мисија

Вршење должности во рамките на спортот на законски, ефикасен, рационален и транспарентен начин со цел да го подобриме спортскиот живот на сите граѓани. Ги промовираме вредностите во спортот, создаваме услови за постигнување на врвни резултати, заштита и унапредување на интересите на спортот, спортистите и спортските клубови.

## 3. Содржини во комплексот на Спортскиот Центар БОРИС ТРАЈКОВСКИ во Скопје

- Во Комплексот на Спортскиот Центар БОРИС ТРАЈКОВСКИ во Скопје се наоѓа најсовремената ***мултифункционална Арена*** со трибини со нумерирани столчиња од кои максимум 6.173 (за спортски настани со мобилна трибина 16) односно 5.977 столчиња (за настани од културно забавен карактер) од кои :
  - 4.445 вградени на трибини со 127 вип седишта и
  - 1.728 седишта на мобилни трибини за спортски настани (со вклучен број на 196 столчиња на мобилна трибина 16) или 1.532 седишта на мобилни трибини за настани од културно забавен карактер.

Вкупениот капацитет на Арената на настани од културно забавен карактер е 12.173 посетители вклучувајќи ја можноста спортскиот терен да претставува прекриен партер за стоење за максимум 6.000 посетители. Работно време од 07:30 до 24:00 часот .





На 14.08.2015 година врз основа на склучениот договор за мобилна поделба на Арената на три дела, Во Арената се формираа три спортски терени: еден за ракомет или фудбал (по избор на корисникот), еден за кошарка и едно тениско игралиште. Со самата поделба на Арената капацитетите за користење на спортските терени се зголемија. Арената досега ја користеа само спортски клубови, федерации и организатори на културни манифестации. Со оваа поделба цените за користење на еден спортски терен значително се намалија и станаа подостапни за рекреација на граѓаните. Поголемата експлоатираност на Арената со ваквиот начин на функционирање значително ги зголеми приходите на Друштвото.



***Малата спортска сала*** е со намена за спортски натпревари и има гледалишен простор/трибини со 412 седишта. Салата е со можност за организација на турнири, тренинзи како и културни манифестации со капацитет од 500-1000 посетители. Работно време од 09:00 до 24:00 часот.





***Пинг понг Центарот*** кој е единствен во градот, опремен е со 17 професионални маси во согласност со стандардите на светската пинг понг асоцијација и севкупна спортска опрема потребна за пинг - понг : топчиња и палки. Работно време од 09.00-24.00 часот.





***Конгресниот Центар претставува в***исоко модерна сала во која се организираат настани со капацитет од 150 места за седење. Опремена е со ЛЦД проектор; платно за визуелни презентации во зависност од потребите на корисниците; 1 (една) Говорница; 3 (три) статични микрофони; комплетно озвучување; бесплатен интернет и шанк бар за послужување со опрема во која се организираат симпозиуми, прес конференции, трибини, конгреси како и за организација на коктели и кетерниг услуги за максимум 350 посетители.






***Фитнес центарот*** располага со спортска сала со површина од 300м2 и соодветна опрема: голем и опремен кардио дел и справи за секоја мускулна група кои се во согласност на стандардите на светските боди билдинг и фитнес асоцијации; комплетно озвучување; 2 ( два ) ЛЦД телевизори и две соблекувални. Работно време : понеделник до сабота од 07.30-23.00 часот и недела од 17.00-23.00 часот.

Во тек е постапка за јавна набавка за нова спортска опрема која ќе допринесе за осовременување на фитнес центарот и аеробик центарот.





Во комплексот се наоѓаат и 3 (три) ***Аеробик и пилатес центри***, кои се комплетно озвучени и професионално осветлени со можност за визуелни презентации, климатизирани и со соблекувални со туш кабини.

Посетителите на Аеробик центарот кој се наоѓа во комплексот на Спортскиот Центар БОРИС ТРАЈКОВСКИ во Скопје можат да ги користат услугите на истиот од Понеделник до Петок со работно време од 17:00 до 21:00 часот.





Граѓаните имаат можност да се рекреираат и во Кугланата која претставува модерна ***сала за Куглање*** опремена со осум патеки, комплетна опрема за куглање сертифицирана од WNBA (со можност за изнајмување патики), осветлување и 1 (една) тимска соблекувална со туш кабина. Работно време од 10.00-24.00 часот.





Во состав на Спортскиот Центар функционира и ***Пливачкиот базен*** кој има капацитет за 600 посетители кои имаат можност на користење на Големиот пливачки базен со димензии 33м x 25м поделен на пливачки патеки (една со широчина од 2,5 м ); Малиот базен за деца; гледалишен простор/ трибини со 420 седишта; индивидуални соблекувални 9 (девет) женски и 7 (седум) машки одделени согласно со полот, означени на вратите и 2 (две) групни соблекувални одделени согласно со полот, означени на вратите.

Пливачкиот базен е отворен од од 07:00 до 00:00 часот со вработени спасители за рекреативно пливање и работи со полн капацитет за капачи рекреативци, пливачки клубови и лица со посебни потреби.





Во комплексот на Спортскиот Центар се наоѓаат и 2 (две) современи ***Сауни*** кои се на располагање за професионалните спортисти и рекреативци.





Во комплексот на Пливачкиот базен функционира и ***сала за бокс*** која е опремена со боксерски ринг и две професионални боксерски вреќи со што нудат услови за оддржување на тренинзи од областа на боречките спортови. Салата за бокс е опремена и со гардероби како и туш кабини.

Работно време од понеделник до сабота од 17:00 до 22:00 часот.





Секоја година од 1-ви Ноември стартува зимската сезона каде на ***лизгалиштето*** се одвиваат различни програми на рекреативно лизгање, тренинзи по хокеј и по уметничко лизгање на мраз. Лизгалиштето претставува покриен спортски терен со поставен систем за создавање на лед со димензии 25м x 56м и е обиколено со професионална заштитна ограда за хокеј-мантинела. Располага со две соблекувални за судии; две соблекувални за спортисти; ролба машина за гребење и мазнење на мразот во лизгалиштето; разглас и разгласна опрема која подржува спортски натпревари; опрема (изнајмување на лизгалки) и 1 (едно) помагало наменето за лизгање на почетници.

Работно време на лизгалиштето е од понеделник – недела од 07.00 -24.00 часот.





***Рекреативен Аква Парк***

Место на собирање на младите во летниот период е рекреативниот аква парк изграден во комплексот на Спортскиот Центар . Заради безбедносни причини капацитетот на рекреативниот аква парк е лимитиран на 1.000 посетители за време на неговото работно време : од 10,00 до 20,00 часот. Посетителите на рекреативниот аква парк имаат на располагање:

- 10 тобогани,
- тематски базен за деца – Пирати од Карибите,
- базен со бранови,
- мрзлива река,
- соблекувални и санитарни јазли,
- тушеви,
- административна зграда со ресторан и
- три кафе барови.





***Тениски терени на отворено***

Ново изградените тениски терени од 31.05.2015 година ја отворија можноста на достапност на младите да спортуваат и да се рекреираат со овој спорт. Изградените четири тениски терени во комплексот на Спортскиот Центар се дел од проектот „Изградба на 120 Тениски терени„ на Владата на Република Македонија. Работно време од 08.00-24.00 часот.



**4. Планирани приходи за 2018 година**

| | назив на приходи | финансиски план 2017 | финансиски план 2018 |
|---|---|---|---|
| 1.1 | приходи од основна дејност | 82.990.000,00 | 84.993.000,00 |
| 1 | аеробик | 600.000,00 | 600.000,00 |
| 2 | аква парк | 7.800.000,00 | 8.000.000,00 |
| 3 | арена | 14.900.000,00 | 15.645.000,00 |
| 4 | базен | 10.800.000,00 | 11.000.000,00 |
| 5 | бокс | 200.000,00 | 200.000,00 |
| 6 | деловен простор | 13.000.000,00 | 13.650.000,00 |
| 7 | конгресна | 60.000,00 | 63.000,00 |
| 8 | куглана | 2.700.000,00 | 2.835.000,00 |
| 9 | лизгалиште | 2.800.000,00 | 2.940.000,00 |
| 10 | логос | 320.000,00 | 0,00 |
| 11 | мала сала | 2.000.000,00 | 2.100.000,00 |
| 12 | пинг понг | 700.000,00 | 735.000,00 |
| 13 | брендирање | 24.600.000,00 | 24.600.000,00 |
| 14 | сауна | 60.000,00 | 60.000,00 |
| 15 | тениски | 350.000,00 | 360.000,00 |
| 16 | фитнес | 2.100.000,00 | 2.205.000,00 |
| 1.2 | останати приходи | 3.102.228,00 | 613.967,00 |
| 1 | вредносно усогласување | 0,00 | 0,00 |
| 2 | вишок на попис | 0,00 | 0,00 |
| 3 | приходи од одпишани побарувања и отпис на обврски | 687.450,00 | 0,00 |
| 4 | приходи од донации | 1.800.811,00 | 0,00 |
| 5 | приходи од трошоци судски постапки | 193.716,00 | 193.716,00 |
| 6 | приходи од надомест на штета осигурителни друштва | 412.560,00 | 412.560,00 |
| 7 | приходи од наплатени штети од корисници на услуги | 0,00 | 0,00 |
| 8 | приходи од редовни и затезни камати | 4.093,00 | 4.093,00 |
| 9 | останати приходи | 3.598,00 | 3.598,00 |
| | ***вкупно приходи од работење*** | 86.092.228,00 | 85.606.967,00 |
| 1.3 | пренесено салдо од предходни години | 60.000.000,00 | 6.911.306,00 |
| 1.4 | средства од влада на РМ | 0,00 | 16.100.000,00 |
| | вкупно приходи | 146.092.228,00 | 108.618.273,00 |

Вкупните приходи во финансискиот план за 2018 година изнесуваат 108.618.273,00 денари и се состојат од приходи од основна дејност во висина од 84.993.000,00 денари, останати приходи во висина од 613.967,00 денари, приходи од пренесено салдо од **минати години во висина од 6.911.306,00** денари и приходи од единствениот содружник на друштвото **Влада на РМ во висина од 16.100.000,00 денари**.

Приходите од основна дејност се состојат од:

- Приходи од **аеробик** во финансиски план за 2018 година се во висина од **600.000,00** денари и истите не бележат промени во однос на 2017 година од причина што капацитетите на оваа содржина се исполнети.
- Приходи од **аква паркот** во финансиски план за 2018 година се во висина од **8.000.000,00** денари и истите бележат зголемување во висина од 200.000,00 денари во однос на 2017 година.
- Приходи од **арената** во финансиски план за 2018 година се во висина од **15.645.000,00** денари и истите не бележат зголемување во однос на 2017 година од причина што во 2018 година се планираат повеќе настани од културно забавен карактер како и саеми.
- Приходи од **базен** во финансиски план за 2018 година се во висина од **11.000.000,00** денари и истите бележат зголемување во однос на 2017 година.
- Приходи од **салата за бокс** во финансиски план за 2018 година се во висина од **200.000,00** денари и истите не бележат промени во однос на 2017 година.
- Приходи од **деловен простор** во финансиски план за 2018 година се во висина од **13.650.000,00** денари и истите бележат зголемување во однос на 2017 година од причина што повеќе простории ке се издаваат како деловен простор.
- Приходи од **конгресниот центар** во финансиски план за 2018 година се во висина од **63.000,00** денари и истите не бележат некое драстично зголемување во однос на 2017 година.
- Приходи од **куглана** во финансиски план за 2018 година се во висина од **2.835.000,00** денари и истите не бележат некое драстично зголемување во однос на 2017 година.
- Приходи од **лизгалиште** во финансиски план за 2018 година се во висина од **2.940.000,00** денари и истите не бележат некое драстично зголемување во однос на 2017 година.
- Приходи од **Јазичниот Центар ЛОГОС ЦЕНТАР** во 2018 година изнесуваат 0,00 денари од причина што Јазичниот Центар работеше со загуба и оваа содржина е затворена, вработените се распределени на работни позиции на кои се потребни, а деловниот простор во кој се одржуваа часовите сега се издаваат како деловен простор.
- Приходи од **мала сала** во финансиски план за 2018 година се во висина од **2.100.000,00** денари и истите не бележат некое драстично зголемување во однос на 2017 година.
- Приходи од **пинг понг центарот** во финансиски план за 2018 година се во висина од **735.000,00** денари и истите не бележат некое драстично зголемување во однос на 2017 година.
- Приходи од **брендирање** во финансиски план за 2018 година се во висина од **24.600.000,00** денари и истите не бележат промени во однос на 2017 година.
- Приходи од **сауна** во финансиски план за 2018 година се во висина од **60.000,00** денари и истите не бележат промени во однос на 2017 година.
- Приходи од **тениски терени** во финансиски план за 2018 година се во висина од **360.000,00** денари и истите не бележат некое драстично зголемување во однос на 2017 година.
- Приходи од **фитнес центарот** во финансиски план за 2018 година се во висина од **2.205.000,00** денари и истите не бележат некое драстично зголемување во однос на 2017 година.

Приходите од останати приходи се состојат од:

- Приходи од трошоци од **судски постапки** во висина од **193.716,00** денари
- Приходи од надомест на **штета од осигурителни компании** во висина од **412.560,00** денари
- Приходи од редовни и **затезни камати** во висина од **4.093,00** денари и
- Приходи од **останати** приходи **3.598,00** денари

Пренесено салдо од претходни години :

- **6.911.306,00 денари** остаток од средства од единствениот содружник на Друштвото **Влада на РМ** исплатени во 2016 година како наменети средства за изградба на Затворена тениска арена со гимнастичка сала и сала за боречки спортови во Спортскиот Центар БОРИС ТРАЈКОВСКИ во Скопје во висина од 60.000.000,00 денари .

Средствата се дел од донесената Одлука за одобрување на средства за зголемување на основна главнина на Друштвото од Влада на Република Македонија во висина од 180.000.000,00 денари (Бр.42.147/1 од 5 јануари 2016 година).

Пренамената на одобрените средства наменети за изградба на Затворената тениска арена со гимнастичка сала и сала за боречки спортови во Спортскиот Центар БОРИС ТРАЈКОВСКИ во Скопје е извршена врз основа на донесениот заклучок на триесет и првата седница на Владата на Република Македонија оддржана на 10.10.2017 година (Бр/44-6072/1од 10.10.2017 година) и одобрената измена на Финансискиот план (Програма за работа) на Друштвото за 2017 година со пречистен текст на Финансискиот план.

Средства од Владата на РМ :

- 13.000.000,00 денари за набавка на спортски семафор
- 3.100.000,00 денари за реконструкција и санација на соблекувалните во Спортскиот Центар

## 5. Планирани расходи за 2018 година

| | назив на расходи | финансиски план 2017 | симулација 2017 | финансиски план 2018 |
|---|---|---|---|---|
| 1.1 | расходи од основна дејност | 62.357.737,00 | 57.337.816,00 | 85.479.243,00 |
| 1 | пијалоци за куглана | 633.447,00 | 616.000,00 | 650.000,00 |
| 2 | канцелариски материјали | 111.956,00 | 93.000,00 | 201.000,00 |
| 3 | трошоци за хигиена | 411.945,00 | 459.058,00 | 500.000,00 |
| 4 | технички потрошен материјал | 285.000,00 | 450.000,00 | 500.000,00 |
| 5 | електрична енергија | 10.000.000,00 | 8.200.000,00 | 10.000.000,00 |
| 6 | топлинска енергија | 2.500.000,00 | 2.200.000,00 | 2.500.000,00 |
| 7 | нафта за греење, бензин и дизел гориво | 803.000,00 | 803.000,00 | 710.000,00 |
| 8 | набавка на гликол | 120.000,00 | 120.000,00 | 60.000,00 |
| 9 | поштенски трошоци | 30.000,00 | 20.000,00 | 50.000,00 |
| 10 | трошоци за мобилна телефонија | 1.000.000,00 | 285.000,00 | 0,00 |
| 11 | трошоци за фиксна телефонија | 85.500,00 | 75.500,00 | 85.500,00 |
| 12 | интернет | 96.000,00 | 96.000,00 | 96.000,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 13 | сервис на циркулациони и потопни пумпи (базен аква парк спортска сала илизгалиште) | 681.274,00 | 660.000,00 | 300.000,00 |
| 14 | сметководствен систем | 192.000,00 | 192.000,00 | 192.000,00 |
| 15 | одржување на фискални каси | 34.100,00 | 34.100,00 | 34.100,00 |
| 16 | одржување на спортски семафори | 110.000,00 | 110.000,00 | 200.000,00 |
| 17 | одржување на ит систем | 430.000,00 | 400.000,00 | 300.000,00 |
| 18 | бојадисување на ѕидови | 365.000,00 | 365.000,00 | 365.000,00 |
| 19 | услуги за заштита и обезбедување | 450.000,00 | 450.000,00 | 450.000,00 |
| 20 | хортикултурно уредување | 400.000,00 | 345.000,00 | 400.000,00 |
| 21 | сервисирање на пп апарати и хидранти | 94.547,00 | 94.547,00 | 150.000,00 |
| 22 | одржување на пп централа | 0,00 | 0,00 | 200.000,00 |
| 23 | вода | 1.200.000,00 | 1.260.000,00 | 1.200.000,00 |
| 24 | комунални услуги | 1.100.000,00 | 1.140.000,00 | 1.100.000,00 |
| 25 | дератизација и дезинфекција на објекти | 40.000,00 | 20.000,00 | 40.000,00 |
| 26 | трошоци за анализа на вода | 80.000,00 | 80.000,00 | 80.000,00 |
| 27 | регистрација за возила | 20.000,00 | 17.137,00 | 15.000,00 |
| 28 | трошоци за хемикалии на вода во базените | 6.463.950,00 | 5.500.000,00 | 5.500.000,00 |
| 29 | плата за вработени | 26.400.000,00 | 26.700.000,00 | 29.400.000,00 |
| 30 | надоместоци за вработени | 200.000,00 | 239.980,00 | 200.000,00 |
| 31 | дневници за службен пат | 60.000,00 | 28.280,00 | 60.000,00 |
| 32 | трошоци за обуки и семинари | 40.000,00 | 4.000,00 | 40.000,00 |
| 33 | надзорен одбор | 360.000,00 | 360.000,00 | 360.000,00 |
| 34 | репрезентација | 360.000,00 | 220.000,00 | 200.000,00 |
| 35 | премии за осигурување | 805.200,00 | 496.000,00 | 1.595.200,00 |
| 36 | провизија за банкарска гаранција | 462.108,00 | 380.000,00 | 0,00 |
| 37 | банкарски трошоци | 150.000,00 | 163.144,00 | 150.000,00 |
| 38 | спасители аква парк | 2.000.000,00 | 1.375.500,00 | 2.000.000,00 |
| 39 | трошоци за ревизија | 100.000,00 | 100.000,00 | 100.000,00 |
| 40 | совет за јавни набавки | 200.000,00 | 200.000,00 | 0,00 |
| 41 | проценители | 998.400,00 | 998.400,00 | 0,00 |
| 42 | договори на дело | 240.000,00 | 240.000,00 | 240.000,00 |
| 43 | адвокатски услуги | 366.000,00 | 366.000,00 | 366.000,00 |
| 44 | здравствени прегледи за вработени | 72.000,00 | 72.000,00 | 0,00 |
| 45 | нотари и извршители услуги | 40.000,00 | 50.000,00 | 40.000,00 |
| 46 | набавка на компјутери | 65.000,00 | 61.800,00 | 0,00 |
| 47 | набавка на принтери | 22.910,00 | 22.910,00 | 0,00 |
| 48 | огласување во весници | 250.000,00 | 100.000,00 | 250.000,00 |
| 49 | сметководствени услуги | 587.400,00 | 538.800,00 | 587.400,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 50 | трошоци за административни и судски такси | 200.000,00 | 160.000,00 | 200.000,00 |
| 51 | камати за задоцнето плаќање | 140.000,00 | 160.000,00 | 140.000,00 |
| 52 | останати интелектуални услуги (елаборати, вештачења, медиации) | 200.000,00 | 210.000,00 | 600.000,00 |
| 53 | останати нематеријални трошоци | 1.000,00 | 1.000,00 | 1.000,00 |
| 54 | останати трошоци | 300.000,00 | 315.000,00 | 300.000,00 |
| 55 | замена на филтри за воздух во клима комори | 0,00 | 0,00 | 100.000,00 |
| 56 | одржување на компјутерски систем за клима комори | 0,00 | 0,00 | 30.000,00 |
| 57 | набавка на врати | 0,00 | 0,00 | 500.000,00 |
| 58 | реновирање на соблекувални и wc | 0,00 | 0,00 | 4.000.000,00 |
| 59 | сервисирање на фитнес опрема | 0,00 | 0,00 | 60.000,00 |
| 60 | одржување и сервис на ладилни агрегати чилери 1, 2 и 3 | 0,00 | 0,00 | 1.200.000,00 |
| 61 | сервисирање и одржување на чилер лизгалиште | 0,00 | 0,00 | 300.000,00 |
| 62 | поправка на кров базен | 0,00 | 0,00 | 995.250,00 |
| 63 | набавка на гаражна врата | 0,00 | 0,00 | 150.000,00 |
| 64 | печатарски услуги | 0,00 | 660,00 | 200.000,00 |
| 65 | набавка на гуми и алки за аква парк | 0,00 | 0,00 | 1.150.000,00 |
| 66 | набавка на семафор за натпревари | 0,00 | 0,00 | 13.000.000,00 |
| 67 | академика | 0,00 | 0,00 | 25.293,00 |
| 68 | поправка на телефонска централа | 0,00 | 0,00 | 50.000,00 |
| 69 | делови за лифт | 0,00 | 0,00 | 20.000,00 |
| 70 | свич 24ка | 0,00 | 0,00 | 30.000,00 |
| 71 | зимско одржување аква парк | 0,00 | 0,00 | 30.000,00 |
| 72 | сунгери за реклами околу терен | 0,00 | 0,00 | 300.000,00 |
| 73 | спортска опрема | 0,00 | 0,00 | 90.000,00 |
| 74 | одржување на дизел агрегат | 0,00 | 0,00 | 50.000,00 |
| 75 | лизгачки врати | 0,00 | 0,00 | 68.500,00 |
| 76 | фитнес опрема | 0,00 | 0,00 | 90.000,00 |
| 77 | хојга | 0,00 | 0,00 | 382.000,00 |
| **1.2** | **останати расходи** | **0,00** | **2.591.602,00** | **0,00** |
| 1 | дополнително утврдени трошоци од минати години | 0,00 | 5.978,00 | 0,00 |
| 2 | вредносно усогласување на материјални средства | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 3 | вредносно усогласување на побарувања од купувачи | 0,00 | 258,00 | 0,00 |
| 4 | трошоци за судски спорови | 0,00 | 2.585.366,00 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5 | вредносно усогласување на залиха | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| **1.3** | **пренесено салдо од претходни години** | **55.429.555,00** | **54.592.530,00** | **837.025,00** |
| 1 | отплата на долговите на Носителот на набавката – изведувач на рекреативниот аква парк | 39.533.707,00 | 39.533.707,00 | 0,00 |
| 2 | Друштво ГРАДБА ПРОМЕТ Алки ДООЕЛ увоз-извоз Скопје | 837.025,00 | 0,00 | 837.025,00 |
| 3 | предвремена отплата на соларни панели | 11.256.625,00 | 11.256.625,00 | 0,00 |
| 4 | трошоци за банкарска гаранција | 3.802.198,00 | 3.802.198,00 | 0,00 |
| **1.4** | **амортизација** | | **34.400.000,00** | **34.400.000,00** |
| | вкупно расходи | 117.787.292,00 | 148.921.948,00 | 120.716.268,00 |

Вкупните расходи во финансискиот план за 2018 година изнесуваат 120.716.268,00 денари и се состојат од расходи од основна дејност во висина од 85.479.243,00 денари, расходи од пренесено салдо од минати години во висина од 837.025,00 денари и амортизација во висина од 34.400.000,00 денари.

Расходите од основна дејност се состојат од:

- Расходи **за набавка на нафта за греење, бензин и дизел гориво** во финансиски план за 2018 година изнесуваат **710.000,00** денари и истите бележат намалување споредбено со 2017 година. Овој трошок најмногу зависи од временските прилики и потребата за загревање во базените.
- Расходи **за набавка на гликол** во финансиски план за 2018 година изнесуваат **60.000,00** денари и истите бележат намалување споредбено со 2017 година.
- Расходи **за одржување на ит систем** во финансиски план за 2018 година изнесуваат **300.000,00** денари и истите бележат намалување споредбено со 2017 година.
- Расходи **за регистрација на возила** во финансиски план за 2018 година изнесуваат **15.000,00** денари и истите бележат намалување споредбено со 2017 година.
- Расходи **за трошоци за хемикалии на водата во базените** во финансиски план за 2018 година изнесуваат **5.500.000,00** денари и истите бележат намалување споредбено со 2017 година.
- Расходи **за репрезентација** во финансиски план за 2018 година изнесуваат **200.000,00** денари и истите бележат намалување споредбено со 2017 година.
- Расходи **за провизија за банкарска гаранција, совет за јавни набавки, проценители, здравствени прегледи за вработени, набавка на компјутери и принтери, отплата на долговите за рекреативниот аква парк, отплата на соларни панели како и трошоци за банкарска гаранција не се јавуваат во 2018 година. Единствени трошоци кои се провлекуват како пренесени од минати години во висина од 837.025,00 денари се:**
  - **долгот кон Друштвото ГРАДБА ПРОМЕТ Алки ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, кој е во судска постапка и**
  - **долгот кон град Скопје во висина од 65.122.770,50 денари кој доспева во 2018 година**

  **а за кои Друштвото нема средства од самофинансирање.**
- Расходите за **одржувањето на сметководствениот систем** во првата корекција на финансиски план за 2017 година се во висина од **192.000,00** денари. Во финансиски план за 2018 година овие трошоци остануваат исти како и претходната година.
- Расходите за **одржување на фискални каси** во првата корекција на финансиски план за 2017 година се во висина од **34.100,00** денари. Во финансиски план за 2018 година овие трошоци остануваат исти како и претходната година.

- Расходите за **електрична енергија** во првата корекција на финансиски план за 2017 година се во висина од **10.000.000,00** денари. Во финансиски план за 2018 година овие трошоци останувaат исти како и претходната година.
- Расходите за **топлинска енергија** во првата корекција на финансиски план за 2017 година се во висина од **2.500.000,00** денари. Во финансиски план за 2018 година овие трошоци останувaат исти како и претходната година.
- Расходите за **фиксна телефонија** во првата корекција на финансиски план за 2017 година се во висина од **85.500,00** денари. Во финансиски план за 2018 година овие трошоци останувaат исти како и претходната година.
- Расходите за **интернет** во првата корекција на финансиски план за 2017 година се во висина од **96.000,00** денари. Во финансиски план за 2018 година овие трошоци останувaат исти како и претходната година.
- Расходите за **сервисирање на циркулациони и потопни пумпи (базен, аква парк, спортска сала и лизгалиште)** во првата корекција на финансиски план за 2017 година се во висина од **681.274,00** денари. Во финансиски план за 2018 година овие трошоци се намалуваат и изнесуваат **300.000,00** денари.
- Расходите за **бојадисување на ѕидови** во првата корекција на финансиски план за 2017 година се во висина од **365.000,00** денари. Во финансиски план за 2018 година овие трошоци останувaат исти како и претходната година.
- Расходите за **услуги за заштита и обезбедување во рекреативниот аква парк** во првата корекција на финансиски план за 2017 година се во висина од **450.000,00** денари. Во финансиски план за 2018 година овие трошоци останувaат исти како и претходната година.
- Расходите за **хортикултурно уредување** во првата корекција на финансиски план за 2017 година се во висина од **400.000,00** денари. Во финансиски план за 2018 година овие трошоци останувaат исти како и претходната година.
- Расходите за **вода** во првата корекција на финансиски план за 2017 година се во висина од **1.200.000,00** денари. Во финансиски план за 2018 година овие трошоци останувaат исти како и претходната година.
- Расходите за **комунални услуги** во првата корекција на финансиски план за 2017 година се во висина од **1.100.000,00** денари. Во финансиски план за 2018 година овие трошоци останувaат исти како и претходната година.
- Расходите за **дератизација и дезинфекција на објектите** во првата корекција на финансиски план за 2017 година се во висина од **40.000,00** денари. Во финансиски план за 2018 година овие трошоци останувaат исти како и претходната година.
- Расходите за **анализа на вода** во првата корекција на финансиски план за 2017 година се во висина од **80.000,00** денари. Во финансиски план за 2018 година овие трошоци останувaат исти како и претходната година.
- Расходите за **плата за вработени** во првата корекција на финансиски план за 2017 година се во висина од **26.400.000,00** денари. Во финансиски план за 2018 година овие трошоци се зголемуваат и изнесуваат 29.400.000,00 денари. Ова зголемување се јавува како резултат на зголемување на минималната платата во Друштвото од 12.000,00 денари на 13.000,00 денари како и вработување на кадар кој е неопходен за функционирање на тековното работење на Друштвото поради зголемениот обем на работа во објектите на Спортскиот Центар.
- Расходите за **надоместоци за вработени** во првата корекција на финансиски план за 2017 година се во висина од **200.000,00** денари. Во финансиски план за 2018 година овие трошоци останувaат исти како и претходната година.

- Расходите за **дневници за службен пат** во првата корекција на финансиски план за 2017 година се во висина од **60.000,00** денари. Во финансиски план за 2018 година овие трошоци остануваат исти како и претходната година.
- Расходите за **обуки и семинари** во првата корекција на финансиски план за 2017 година се во висина од **40.000,00** денари. Во финансиски план за 2018 година овие трошоци остануваат исти како и претходната година.
- Расходите за **надзорен одбор** во првата корекција на финансиски план за 2017 година се во висина од **360.000,00** денари. Во финансиски план за 2018 година овие трошоци остануваат исти како и претходната година.
- Расходите за **банкарски трошоци** во првата корекција на финансиски план за 2017 година се во висина од **150.000,00** денари. Во финансиски план за 2018 година овие трошоци остануваат исти како и претходната година.
- Расходите за **плата за спасители во рекреативниот аква парк** во првата корекција на финансиски план за 2017 година се во висина од **2.000.000,00** денари. Во финансиски план за 2018 година овие трошоци остануваат исти како и претходната година.
- Расходите за **ревизија** во првата корекција на финансиски план за 2017 година се во висина од **100.000,00** денари. Во финансиски план за 2018 година овие трошоци остануваат исти како и претходната година.
- Расходите за **договори на дело** во првата корекција на финансиски план за 2017 година се во висина од **240.000,00** денари. Во финансиски план за 2018 година овие трошоци остануваат исти како и претходната година.
- Расходите за **адвокатски услуги** во првата корекција на финансиски план за 2017 година се во висина од **366.000,00** денари. Во финансиски план за 2018 година овие трошоци остануваат исти како и претходната година.
- Расходите за **нотарски услуги** во првата корекција на финансиски план за 2017 година се во висина од **40.000,00** денари. Во финансиски план за 2018 година овие трошоци остануваат исти како и претходната година.
- Расходите за **сметководствени услуги** во првата корекција на финансиски план за 2017 година се во висина од **587.400,00** денари. Во финансиски план за 2018 година овие трошоци остануваат исти како и претходната година.
- Расходите за **административни и судски такси** во првата корекција на финансиски план за 2017 година се во висина од **200.000,00** денари. Во финансиски план за 2018 година овие трошоци остануваат исти како и претходната година.
- Расходите за **камати за задоцнето плаќање** во првата корекција на финансиски план за 2017 година се во висина од **140.000,00** денари. Во финансиски план за 2018 година овие трошоци остануваат исти како и претходната година.
- Расходите за **останати нематеријални трошоци** во првата корекција на финансиски план за 2017 година се во висина од **1.000,00** денари. Во финансиски план за 2018 година овие трошоци остануваат исти како и претходната година.
- Расходите за **останати трошоци** во првата корекција на финансиски план за 2017 година се во висина од **300.000,00** денари. Во финансиски план за 2018 година овие трошоци остануваат исти како и претходната година.
- Расходи за **пијалоци за кугланата** во првата корекција на финансиски план за 2017 година се во висина од **633.447,00** денари. Во финансиски план за 2018 година изнесуваат **650.000,00** денари. **Ова зголемување се должи на постигнатата цена на пијалоците во постапката на електронска аукција.**
- Расходите на **канцелариски материјал** во првата корекција на финансиски план за 2017 година се во висина од **111.956,00** денари. Во финансиски план за 2018 година изнесуваат **201.000,00** денари. Ова

зголемување се должи на постигнатата цена во постапката на електронска аукција како и зголемување на вредноста на јавната набавка за тонери.

- Расходите на **трошоци за хигиена** во првата корекција на финансиски план за 2017 година се во висина од **411.945,00** денари. Во финансиски план за 2018 година изнесуваат **500.000,00** денари. Ова зголемување се должи на намалувањето на цената на електронска аукција.
- Расходите за **технички потрошен материјал** во првата корекција на финансиски план за 2017 година се во висина од **285.000,00** денари. Во финансиски план за 2018 година изнесуваат **500.000,00** денари. **Ова зголемување се должи на зголемената потреба на разноврстен технички потрошен материјал (количина, вид и тип).**
- Расходите **за одржување на спортски семафор** во првата корекција на финансиски план за 2017 година се во висина од **110.000,00** денари. Во финансиски план за 2018 година изнесуваат **200.000,00** денари. **Ова зголемување се должи на потребата за замена на делови во семафорот.**
- Расходите **за сервисирање на пп апарати, хидранти и громобрани** во првата корекција на финансиски план за 2017 година се во висина од **94.547,00** денари. Во финансиски план за 2018 година изнесуваат **150.000,00** денари. **Ова зголемување се должи на потребата за замена на цревата за противпожарна заштита кои се целосно оштетени и нефункционални.**
- Расходите **за одржување на пп централа** во првата корекција на финансиски план за 2017 година се во висина од **0,00** денари. Во финансиски план за 2018 година изнесуваат **200.000,00** денари. **Ова зголемување се должи на потребата за одржување и сервисирање на системот за дојава на локација на пожар кој не е во функција.**
- Расходите **за премии за осигурување** во првата корекција на финансиски план за 2017 година се во висина од **805.200,00** денари. Во финансиски план за 2018 година изнесуваат **1.595.200,00** денари. **Ова зголемување се должи на нереално низок износ на осигурување во 2017 година. По неколку неуспешно спроведени постапки за јавни набавки во 2017 година и консултација со стручни лица од оваа област ја зголемуваме проценетата вредност на јавната набавка.**
- Расходи за **останати интелектуални услуги** во првата корекција на финансиски план за 2017 година се во висина од **200.000,00** денари. Во финансиски план за 2018 година изнесуваат **600.000,00** денари. **Ова зголемување се должи на потребата за изработка на елаборат за фактичка состојба на деловен простор во висина од 400.000,00 денари.**
- Расходи **за набавка на врати** во првата корекција на финансиски план за 2017 година се во висина од **0,00** денари. Во финансиски план за 2018 година изнесуваат **500.000,00** денари. **Ова зголемување се должи на потребата за замена на дотрајаните врати.**
- Расходи **за реновирање на соблекувални** во првата корекција на финансиски план за 2017 година се во висина од **0,00** денари. Во финансиски план за 2018 година изнесуваат **4.000.000,00** денари. Од овие расходи 3.100.000,00 денари се средства што Друштвото ги очекува од единствениот содружник Владата на РМ. **Ова зголемување се должи на потребата за промена на санитарните јазли, плочките и туш кабините.**
- Расходи **сервисирање на фитнес опрема** во првата корекција на финансиски план за 2017 година се во висина од **0,00** денари. Во финансиски план за 2018 година изнесуваат **60.000,00** денари. **Ова зголемување се должи на потребата за промена на делови во фитнес справите.**
- Расходи **за одржување и сервисирање на ладилни агрегати, чилери 1,2 и 3 во комплексот на Спортскиот Центар** во финансиски план за 2018 година изнесуваат **1.200.000,00** денари. **Ова зголемување се должи на потребата за враќање во функција на ладилните агрегати кои не се во функција неколку години station наназад.**
- Расходи **за сервисирање и одржување на чилер лизгалиште** во финансиски план за 2018 година изнесуваат **300.000,00** денари. **Ова зголемување се должи на неколку годишната употреба на објектот и појавената потреба од одржување на истото.**

- Расходи **за набавка на нова хојга** во финансиски план за 2018 година изнесуваа **382.000,00** денари. **Ова зголемување се должи на потребата за замена на веќе постоечката подлога која е дотраена.**
- Расходи **за набавка на фитнес опрема** во финансиски план за 2018 година изнесуваат **90.000,00** денари. **Ова зголемување се должи на потребата на набавка на нова финес опрема за замена на веќе постоечката која е дотраена** .
- Расходи **за одржување на лизгачките врати** во финансиски план за 2018 година изнесуваат **68.500,00** денари. **Ова зголемување се должи на потребата за одржување и поправка на расипаните лизгачки врати во комплексот.**
- Расходи **за набавка на спортска опрема за аеробик и пилатес центар** во финансиски план за 2018 година изнесуваат **90.000,00** денари. **Ова зголемување се должи на потребата за набавка на нова опрема за замена на веќе постоечката која е дотраена и неупотреблива.**
- Расходи **за набавка на сунѓер за реклами околу теренот на арената** во финансиски план за 2018 година изнесуваат **300.000,00** денари. **Ова зголемување се должи на потребата за промена на железната ограда со сунгер од безбедносни причини.**
- Расходи **за зимско одржување на аква паркот** во финансиски план за 2018 година изнесуваат **30.000,00** денари. **Ова зголемување се должи на потребата за одржување на рекреативниот аква парк како би се продолжил неговиот век на траење.**
- Расходи **за набавка на свич** во финансиски план за 2018 година изнесуваат **30.000,00** денари. **Ова зголемување се должи на потребата за набавка на нов свич.**
- Расходи **за набавка на делови за поправка на лифтовите** во финансиски план за 2018 година изнесуваат **20.000,00** денари. **Ова зголемување се должи на потребата за набавка на дотрајаните делови во лифтовите.**
- Расходи **за поправка на телефонска централа** во финансиски план за 2018 година изнесуваат **50.000,00** денари. **Ова зголемување се должи на потребата за поправка на телефонската централа која не е во функција повеќе од 6 месеци.**
- Расходи **за печатарски услуги** во финансиски план за 2018 година изнесуваат **200.000,00** денари. **Ова зголемување се должи на потребата од печатарски услуги за промена на знамињата, светлечките тотеми и слично.**
- Расходи **за набавка на гаражна врата** во финансиски план за 2018 година изнесуваат **150.000,00** денари. Ова зголемување се должи на потребата за обезбедување на гаражниот простор кој се наоѓа под вип Арената.
- Расходи **за набавка на гуми и алки за рекреативен аква парк** во финансиски план за 2018 година изнесуваат **1.150.000,00** денари. **Ова зголемување се должи на потребата за набавка на нови гуми и алки кои се нарачуваат на секои две до три години.**
- Расходите за **мобилна телефонија** во 2017 година изнесуваат 1.000.000,00 денари. Оваа јавна набавка е двегодишна и од тие причини средства не се планираат во 2018 година.
- Расходи **за поправка на кровот во базенот** во финансиски план за 2018 година изнесуваат **995.250,00** денари. **Ова зголемување се должи на потребата за набавка на нови стиропорни плочи кои поради кондензација на водата и хлорот се менуваат еднаш годишно.**
- Расходи **за набавка на спортски семафор** во финансиски план за 2018 година изнесуваат **13.000.000,00** денари. **Ова зголемување се должи на потребата за набавка на нов спортски семафор поради дотрајаност на стариот и големите трошоци за промена на деловите кои тешко се наоѓаат во продажба поради прекин на производството на истите. Средствата се очекуваат да бидат дадени од единствениот содружник на Друштвото - Влада на РМ.**

Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје (согласно задолжението добиено од Владата на РМ) склучи договор за регулирање на сопственички делови врз недвижниот имот Повеќенаменска сала БОРИС

ТРАЈКОВСКИ а кој текст на договор се смета за донесен на Сто деведесет и втората седница на Владата одржана на 9.11.2010 година.

Со предметниот договор се откупува делот што Градот Скопје го вложил во изградба на салата (Салата целосно да биде во државна сопственост) и истиот **во висина од 260.491.082,00 денари** се откупува на четири еднакви рати (согласно Анекс договор бр.5 кон Основен договор, заверен кај нотар Снежана Видовска на ден 26 Април 2017 година, ОДУ бр.164/17) со следната динамика:

-Првата рата во висина од **65.122.770,50 денари** Друштвото треба да ја плати најдоцна до 31.12.2018 година ;
-Втората рата во висина од 65.122.770,50 денари најдоцна до 31.12.2019 година ;
-Третата рата во висина од 65.122.770,50 денари најдоцна до 31.12.2020 година и
-Четврта рата во висина од 65.122.770,50 денари најдоцна до 31.12.2021 година .

**Средствата за наплата за наведениот долг треба да се обезбедат од Буџетот на Република Македонија.**

***Забелешка:**

Во случај Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје да не го исплати долгот по основ на првата рата во висина од 65.122.770,50 денари најдоцна до 31.12.2018 година врз основа на член 3 од основниот договор истиот претставува извршна исправа.

**Овој превземен долг е обврска која Владата на Република Македонија ја има кон Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје.**

**Друштвото нема сопствени финансиски средства овој долг да го исплати.**

**6. Предлог за реализација на договор за признавање и плаќање на долг склучен помеѓу Град Скопје и Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје**

Од причина што Друштвото нема финансиски средства за реализација на обврската со која се откупува делот што Градот Скопје го вложил во изградба на салата (Салата целосно да биде во државна сопственост) односно согласно Анекс договор бр.5 кон Основен договор (заверен кај нотар Снежана Видовска на ден 26 Април 2017 година, ОДУ бр.164/17) и првата рата во висина од **65.122.770,50 денари** Друштвото треба да ја плати најдоцна до 31.12.2018 година, единствениот содружник на Друштвото – Република Македонија преку Владата на Република Македонија треба да донесе заклучок со кој ќе се смени динамиката на плаќање на долгот и ќе ги задолжи управителот на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје и Град Скопје да потпишат Анекс бр.6 кон Договорот со кој обврската за плаќање на долгот ќе се одложи за 2 години, односно првата рата во висина од 65.122.770,50 денари да се плати најдоцна до 31.12.2020 година.

Скопје, 18.12.2017 година

БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје
в.д. управител
Александар Петровски

Изработил: Рената Стоилковска
Роберта Теова